**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 31 јули 2004 година**

Седницата  се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,05 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановкси, претседател на Собранието.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани гости, почитувани пратеници,

- Ја отворам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод 60-годишнината од АСНОМ.

(ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СТАНУВА)

(СИТЕ СТАНУВААТ)

(ХОРОТ ЈА ИСПОЛНУВА ХИМНАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА)

(СИТЕ СЕДНУВААТ)

(ХОРОТ ЈА НАПУШТА САЛАТА)

(ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ЗАПОЧНУВА СО ЧИТАЊЕТО НА ТЕКСТОТ ОТКАКО ХОРОТ ЌЕ ЈА НАПУШТИ САЛАТА)

На седницата се поканети:

- Претседателот на Република Македонија;
- Претседателот на Владата на Република Македонија;
- Членовите на Владата на Република Македонија;

- Поранешниот претседател на Република Македонија;
- Претседателот на Уставниот суд на Република Македонија;
- Претседателот на Сојузот на борците на Република Македонија;
- Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија;
- Претседателот на Републичкиот судски совет;
- Јавниот обвинител на Република Македонија;
- Народниот правобранител;
- Јавниот правобранител на Република Македонија;
- Претседателот на Македонската академија на науките и уметностите;
- Гувернерот на Народната банка на Република Македонија
- Началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија;
- Градоначалникот на Град Скопје;
- Ректорите на универзитетите "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, "Свети Климент Охридски" во Битола, Државниот универзитет во Тетово и Југоисточниот европски универзитет во Тетово;
- Поглаварот на Македонската православна црква;
- Претседателот на Исламската верска заедница во Република Македонија;
- Скопскиот бискуп и апостолски егзарх во Република Македонија;
- Претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија;
- Проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија;
- Шефовите на странските дипломатско-конзуларни и други мисии акредитирани во Република Македонија;
- И други гости.

Почитувани пратеници,

- Дозволете ми од мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

(Претседателот на Собранието доаѓа на говорницата)

Дами и господа, почитувани пратеници,

Уважени гости.

Оваа свечена седница на Собранието на Република Македонија е посветена на 60-годишнината од Првото заседание на Антифашистичкото Собрание на Народното Ослободување на Македонија, одржано на 2 Август 1944 година во манастирот Св. Отец Прохор Пчински.

Почитувани присутни, моето обраќане, можеби би било слично, како и во времето кога се славеа 40-тиот или 50-тиот јубилеј на АСНОМ, но, денес многу нешта се поинакви, денес светот не е ист во споредба со оној од пред 60 години, денес сме во процес кога се е ставено на преиспитување, почнувајќи од некои основни вредности за кои можеби, некои, мислеа дека се неменливи и апсолутни.

Граѓаните на Република Македонија, како и сите ние тука присутни, сме горди што со одлуките кои произлегоа од историското Прво заседание на АСНОМ, се оствария вековните идеали и стремежи на македонскиот народ и сите други народи кои живееле и живеат на овие простори, за слобода и своја држава како гарант за зачувување на својот идентитет и самобитност. Тоа се историски факти, кои никој не може да ги негира, а она што сите нас треба да не прави исклучително горди е духот и далекусежната визија во актите и одлуките на АСНОМ.

Дами и господа, уважени гости,

Дозволете ми да прочитам неколку члена од една Декларација.

Член 1. Сите граѓани на федералната македонска држава се еднакви и рамноправни пред законите, не гледајќи на нивната народност, пол, раса и вероисповедание.

Член 2. На националните малцинства на Македонија се осигуруваат сите права на слободен национален живот.

Член 3. На секој граѓанин му е гарантирано сигурноста за личноста и имотот, загарантирано е правото на сопственост и часната иницијатива во стопанскиот живот.

Член 4. На секој граѓанин му е загарантирана слободата на вероисповедението и слобода на совеста.

Член 5. На сите граѓани им се гарантира слобода на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на дружението.

Член 6. Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласање на основание на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право.

Почитувани присутни. Иако ова се само 6 од 11 члена, колку што има споменатата Декларација, за оние упатените во документите на АСНОМ, знаат дека станува збор за: ДЕКЛАРАЦИЈА НА АСНОМ ЗА ОСНОВНИТЕ ПРАВА НА ГРАЃАНИНОТ НА ДЕМОКРАТСКА МАКЕДОНИЈА, донесена на Илинден, 2 Август

1944 во манастирот “Св. Отец Прохор Пчински”, токму на првото заседание.

Нашите пријатели од меѓународната заедница, ќе ја препознаат универзалната декларација на ОН за човековите права и слободи, која беше донесена дури по година и повеќе подоцна,.

И затоа сите ние треба да бидеме горди и да се поклониме пред нашите дедовци, татковци и мајки кои уште пред 60 години покажаа универзална визија не само за развојот на Република Македонија, туку и за целиот свет. Ги поставија фундаментите и патоказите коишто ние и идните генерации требаше и треба само правилно да ги читаме.

За мене, а се надевам и за сите нас, фрапантен е фактот дека во спомнатите шест члена е кажана целата и правата вистина по кој пат денешна независна Република Македонија треба да се движи. Шесте члена визионерски ги даваат решенијата за сите идни наши чекори во маршот кон подобра иднина.

Со првиот член на Декларацијата на АСНОМ, јасна е определбата дека идната држава треба да биде граѓанска и дека индивидуалните права се неприкосновени. Овој аманет сегашните генерации го исполнија со Уставот на независна и суверена Република Македонија.

Вториот член од Декларацијата со кој на националните малцинства во Македонија им се осигуруваат сите права на слободен национален живот, не случајно е втор, бидејќи и редоследот по кој се подредени членовите имаат своја симболика и важност. Јасно е дека нашите родители кога ги поставувале темелите и основните принципи на заедничката држава, заедничкиот соживот и разбирање со другите етнички заедници тоа го посочуваат како императив за демократскиот развој на Република Македонија и нејзиното опстојување. Притоа тие права ги дефинираат на најширока основа со самиот исказ “право на национален живот”. За сите оние кои сакаат или имаат храброст да го читаат овој член на Декларацијата во негова суштина, јасно е дека во него е антиципиран и Рамковниот договор, бидејќи едноставно корпусот на правата со кои се определува правото на национален живот не е статичка и неменлива категорија туку истите се дополнуваат, надоградуваат со самата промена и појава на нови етички, морални, политички и демократски вредности кои се повеќе стануваат и базични принципи на светските процеси. Ако не е така, денес светот ќе беше сеуште во темниот среден век. Се поставува прашањето дали и во кое време оваа силна порака на нашите родители, била заборавена и загубена?

Во третиот член на АСНОМ-ската Декларација, крајно визионерски се констатира дека брз економски и демократски развој на Македонија е можен ако се гарантира сигурност на личноста, имотот и сопственост како и ако се гарантира правото на приватната стопанска иницијатива. Денес ние тоа го нарекуваме пазарно, конкурентно и слободно стопанство, базирано на приватната иницијатива и сопственост како нужен, а не само доволен услов за брз економски развој на Република Македонија.

Следејќи ги другите членови на Декларацијата, во обид да се читаат преку нивното вистинско значење, ослободувајќи се од некои историски фрустрации во загарантираното право на вероисповедението и слободата на совеста, можеме да го препознаеме денешното уставно право на сите религиозни заедници за свое слободно практицирање на истото, како и правото на секој граѓанин да има свој став и мислење и истиот јавно и слободно да го искажува и да се бори барајќи свои истомисленици, без разлика колку се тие некомпатибилни со новите трендови и визии за демократскиот развој на нашата држава.

Во Декларацијата не е заборавена ниту една широка дејност во општеството, а тоа е загарантираното право на слободата на говорот, печатот, собирањето, договорот и слободата на дружението. Зборувајќи на јазикот на денешната реалност овој став на асномската Декларација ги поставува основите на еден систем со повеќепартиска организираност, постоење на повеќе партии, како политички репрезенти на различни социјални и интересни групи. Секако ефектот на ова право би бил само формален ако, исто така, не се дозволува и слобода на печатот и јавниот збор како еден од најефикасните и демократски методи за да допрат различните концепции и погледи на развојот на македонското општество до обичниот негов граѓанин. Затоа без резерва треба да им се восхитуваме на нашите претходници кои комплексноста на ова право целосно и без исклучок го кодифицирале во Декларацијата.

И на крај, како врв на секоја демократија и вистината дека граѓаните се извор на секој легитимитет, како и суверенитет во секоја земја, во Членот 6 се вели:

Изборното право на демократска Македонија го вршат избирачите со тајно гласање на основание на општото, еднаквото, непосредното и личното изборно право.

Коментар на една ваква визионерска, а пред се безвременска и вечна вистина не е потребен освен ако имаме доблест за извесна доза на самокритика и да констатираме дека после 60 години на слободен национален, културен и научен

развој, новиот Устав кој беше надополнет со амандманите од Рамковниот договор, визионерски во само 6 члена речиси беше напишан во Декларацијата на АСНОМ.

Дами и господа, уважени гости,

Тогашните генерации кои го поведоа македонскиот народ и другите народи кон реализација на вековниот сон за формирање на сопствена и заедничка држава, правилно ги сфатија и правилно ги ценеа светските геополитички текови и развој. Со филигранска прецизност, чекор по чекор, мудро се одбираа и носеа одлуки со кои сега ние се гордееме. Се гордееме дека Македонија беше на страна на големиот светски сојуз во борбата против фашизмот. Тоа правилно читање на светските тенденции врз основата на сопствените интереси и стремежот за праведно и реално решение е еден од клучните моменти за успехот на борбата за слободна Македонија. Македонската епопеја пред 60 години заврши победоносно затоа што имаше историска, национална, меѓунационална и организациона основа, затоа што беше визионерски обоена и одредена и затоа што таа борба беше спремна да даде, и даде, огромни жртви. Затоа што беше прогресивна и затоа што го имаше прогресивниот свет зад себе. И во актуелниве ситуации можеме да извлечеме интересни и поучни паралели.

Почитувани присутни, денес, нашата генерација, која ја има одговорноста за иднината на Република Македонија и нејзиниот развој, повторно се наоѓа пред историската одговорност да ги изнајде вистинските патишта и да ги даде вистинските одговори на предизвиците кои стојат пред нас. Тие, во овој нов милениум не се истите како тие пред кои се најдоа нашите татковци пред 60 и повеќе години. Светот не е ист. Светот се гради на други основи и вредносни принципи. И затоа нам ни е потребна истата мудрост на нашите претходници, потребна ни е нивната храброст да се спротивставиме на оние милозвучни песни кои не враќаат во минатото или пак не држат во сегашноста, која сегашност веќе утре станува далечно, надминато и бесперспективно минато. Една таква мудрост ние веќе ја употребивме со Охридскиот договор, враќајки се на изворните принципи на АСНОМСКАТА мудрост.

Има разбирања и тенденции во политиката и во пошурокиот општествен амбиент кои на современите движења и на модерните стандарди гледаат како на нешто што ја загрозува македонската идеја и македонската држава. Ние не можеме да го митологизираме македонството, да го затвориме, да го изолираме пред налетот на новото време, да го ставиме под стакленото ѕвоно на какви било

нормативни решенија кон кои се стремиме, туку обратно, треба да ги подготвиме граѓаните за тој отворен натпревар со квалитет на нашата културна, спортска, економска и друга понуда, многу подобро и поагресивно отколку што го правевме тоа во времето кога се мислеше дека државните ексклузивитети и идеолошките аксиоми ги имаат решено сите проблеми. И да сме свесни дека тоа натпреварување за национална и граѓанска афирмација нема крај.

Да ги потиснуваме од животот негативните стереотипи со кои народот си ги објаснува, но и на народот му ги објаснуваат сите негови несреќи: тоа се стереотипите на делбите, за соседите, за предавничката улога на некои и слично.

Да ја преземеме одговорноста за нашите неснаогања. Да ја шириме свеста дека огромен дел од одговорноста за развојот на ситуацијата и за перспективите на Македонија се наши домашни одговорности. Тоа секако нашите татковци многу добро го знаеле и затоа успеале во дадена историска консталација да ја формираат нашата држава.

Македонија е мултиетничка, тоа не е спорно. Ние одиме сега со важни трансформации на нашиот нормативен систем во таа насока и во обликување на политичкиот систем, респектирајќи го тој факт.

Денес никој не може да се нарече голем Македонец или голем Албанец ако загради парче земја и каже дека ова е мое. Не заради тоа што денешната меѓународната заедница не го признава или препознава тоа како принцип на идентификација, туку затоа што на овие простори со многу илјадната историја и култура ако се закопа подлабоко секогаш ќе се најдат докази дека за овие простори може да претендира и некој друг. Но секогаш сум спремен да признаам дека некој е голем Македонец или голем Албанец ако создава и гради големи духовни, културни или научни дела, кои никогаш нема да бидат прекриени со пластовите на времето кое надоаѓа. Само на такви дела вечноста и бесмртноста им е загарантирана.

Затоа, нам, ни е потребно повторно да го зграпчиме тој камен на мудроста кој всушност секогаш бил тука на дофат на нашите раце, предаден во наследство од нашите татковци и дедовци. Затоа ние треба да се вратиме на изворните принципи на АСНОМ кои, како што реков, треба точно и визионерски да се читаат. Како што и самите креатори на АСНОМ-ските решенија ја искористиле мудроста на нивните претходници и со должна почит ја вградиле во документите визионерската мисла -

СВЕТОТ ДА ГО РАЗБЕРЕМЕ КАКО ПОЛЕ ЗА КУЛТУРЕН НАТПРЕВАР МЕЃУ НАРОДИТЕ.

Тоа е, почитувани присутни, нашиот камен на мудроста, којшто треба да го споделиме со сите добронамерни луѓе во земјава и низ целиот свет. Ние мораме не само да истраеме на патот кон Европската унија и северноатлантската алијанса како наши стратегиски ориентации, туку и да разбереме дека на тој пат не чекаат тешки реформи на системот, но и на нас самите, на нашата свест за Македонија. Реформите можат да се прават на еден или на друг начин, и во таа смисла, добро е да имаме различни видувања и модели, но потребен ни е недвосмислен консензус дека длабоките промени се неопходност и тој дел би требало да го ставиме вон политичката битка. Ние мораме да се поставиме максимално строго и кон преземените обврски како што се оние од Рамковниот договор, како и во однос на сите стандарди на ЕУ и НАТО кон кои стремиме.

Сите ние треба со гордост да се поклониме и да им оддадеме признание на сите оние кои, не жалејќи се себеси, се вградија во нашата иднина. Наш долг е да го продолжиме тој пат, препознавајќи го вистинскиот. Да имаме доволно разум и сили со својата работа и одлуките кои ги носиме, уште повеќе да ги отвораме натамошните перспективи на Република Македонија за нејзината стабилност, развој и афирмација во Европа и светот.

Да ни е честит празникот Илинден и 60-годишнината од АСНОМ.

Да ни е вечна Република Македонија.

Благодарам.

(Аплауз)

Почитувани гости, почитувани пратеници,

Ваша Екселенцијо,

Со ова ја заклучувам Седумдесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 12,35 часот)